РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-321/5
29-07-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20 - тата седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

Постапката по предметот заведен под број 09-321/1 од 22.01.2025 година против службеното лице ----------, помошник раководител на Сектор за инспекциски надзор во --------------- при Министерството за ---------, СЕ ЗАПИРА од причина што не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот заведен под број 09-321/1 од 22.01.2025 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-321/1 од 22.01.2025 година е оформен по сопствена иницијатива врз основа на донесен заклучок на состанокот на колегиумот на ДКСК, одржан на ден 20.01.2025 година, согласно со член 76 став 1 и став 2 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а по повод испратено новинарско прашање од ----------- во врска со лицето --------------, помошник раководител на сектор за инспекциски надзор во ----------------- во Министерството за -------------- и дека приватна фирма во негова сопственост добивала тендери за изработка на ДУП – ови во неколку општини и тендери за други услуги поврзани со сектор урбанизам.

При проверка во Централниот регистар на РСМ за тековната состојба на правното лице --------------------------- ДОО – -------------- во, Државната комисија констатира дека истото има двајца сопственици ----------- и --------------, а управител е лицето -----------------. Приоритетна дејност на правното лице е Изградба на станбени и нестанбени згради.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

При проверка во ЕСЈН за Друштвото за производство, трговија и градежништво ---------------- ДОО експорт – импорт ------------- во периодот од 2022 година до 2024 година, Државната комисија констатира дека биле склучени договори со општина ----------- и тоа:
- Договор бр.14-8335/1 од 22.02.2022 година за Изработка на урбанистички планови за општина ----------- во вредност од 5.084.745,00 денари без пресметан ДДВ;
- Рамковна спогодба бр. 14-5216/1 од 17.04.2024 година помеѓу општина ------------ и Правното лице ---------------- ДОО ------------ за Интервентни работи за изградба и реконструкција на инфраструктурни објекти по јавна набавка 03482/2024, во вредност од 7.494.010,00 денари без ДДВ;
- Договор за Изработка на урбанистички планови на општина ------------ за 2024 година бр. 14-5810/1 од 07.05.2024 година во вредност од 4.084.745,00 денари без ДДВ и
- Рамковна спогодба бр.14-11033/1 од 02.09.2024 година склучена помеѓу општина ----------- и Правното лице --------------------- ДОО ------------- по спороведена јавна набавка за реконструкција на инфраструктура во рурални подрачја во вредност од 4.696.894,00 денари без ДДВ.

Заради утврдување на фактичката состојба, Државната комисија прибираше податоци и информацииим за што се обрати до Министерството за ----------------. Со допис Министерството за ------------- ја информира ДКСК дека лицето ------------- е вработено во Министерството за ------------- на работно место помошник раководител на Сектор за инспекциски надзор во ------------- – Помошник главен инспектор во Секторот за инспекциски надзор во ------------- во Управата за сигурност во ----------- систем, видно од Решение за распоредување и утврдување на плата на административен службеник бр. 04-4588/1 од 24.03.2016 година.
Во однос на издадени лиценци за правното лице Друштво за производство, трговија и градежништво ----------------- ДОО експорт – импорт --------------, Министерството за ---------------- има издадено лиценци и тоа:

- **Лиценца А** – за проектирање на градба од прва категорија бр.П.339/А издадена на 21.09.2023 година со важност до 21.09.2030 година;
- **Лиценца Б** за ревизија на проектната документација за градба од втора категорија бр. Р.077/Б од 01.05.2017 година со важност до 02.05.2031 година;
- **Обнова на Лиценца Б** за изведувач на градби од втора категорија број. И.696/Б издадена на 26.02.2024 година со важност до 26.02.2031 година;
- **Обнова на Лиценца Б** за надзор над изградба на градби од втора категорија бр.Н.309/б издадена на 30.04.2024 година со важност до 30.04.2031 година и
- **Лиценца за изработување на урбанистички планови** бр.0056 издадена на 18.05.2021 година на неопределено време и истата важи се додека правното лице ги исполнува условите за издавање на лиценцата.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имајќи предвид дека лицето -------------- е вработено во Министерството за ----------- во Секторот за инспекциски надзор во --------------систем во Управата за сигурност во -------------- систем - на работно место помошник раководител на сектор за инспекциски надзор во -------- ------- систем – помошник главен инспектор, истото во смисла на член 8 став 2 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси е службено лице како вработено лице во јавниот сектор и административен службеник, меѓутоа не е избрано или именувано лице и затоа за него не се однесуваат предвидените забрани и ограничувања во Законот за спречување на корупција и судирот на интереси за вршење на други дејности. Државната комисија врз основа на прибавената документација не најде состојба која укажува на постапување спротивно на забраната за влијание врз постапки за јавни набавки пропишана со членот 57 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси. Ова особено ако се има предвид дека лицето службената должност ја обавува во друг државен орган од централната власт, а не во единицата на локална самоуправа која е договорен орган, така што нема можност ниту директно да влијае врз постапките за јавни набавки, ниту да учествува во истите.

Во врска со издадените лиценци погоре наведени за правното лице Друштво за производство, трговија и градежништво ----------------- ДОО експорт – импорт истите се издадени согласно со член 16 став 1 и 2, член 23 став 3, 26 став 1 и 3, 34 став 1 и 3 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22) и член 68 од Закон за урбанистичко планирање ( „Службен весник на Република Македонија“ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18, 168/18,111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) од страна на надлежниот сектор - Сектор за ----------- при Министерството за ---------------, а по претходна проверка и одобрение на доставена документација од страна на правното лице, во која постапка не учествувало лицето ------------ ----- кое службената должност ја обавува во друга организациона единица во рамки на Министерството.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик - претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

**По заклучок од седница на ДКСК,**
Изготвил: Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: С.С.М. - член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk